Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile

Скопје/Shkup, 9.11.2021година/viti

Бр./Nr.: 32 – 49/2

ДО: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ: Реакција на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на планирањето средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022

Стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија е унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество. Во трите последователни стратешки документи на полето на соработката и развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија, доуредувањето и подобрувањето на државното финансирање на граѓанските организации е предвидено како една од приоритетните мерки.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество, во изминативе три години значително придонесе кон зголемување на транспарентноста и објективноста при распределбата на средствата предвидени во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Советот и граѓанското општество во 2019, 2020 и 2021 година беа активно вклучени во сите фази од процесот, од дефинирање на правната рамка (во декември 2019 година донесена е нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија), преку планирање на областите и специфичните приоритети за финансирање во Програмата за финансиска поддршка на здруженија и фондации и утврдување на текстот на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации што го објавува Генералниот секретаријат на Владата, со следење на процесот на евалуација на предлог-проектите и распределбата на средствата од страна на Владата на Република Северна Македонија преку учество на два члена на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија, до разгледување на годишните извештаи за финансираните програми и проекти на организациите.

Во насока на воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти, Советот за соработка меѓу


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

Владата и граѓанското општество во октомври 2020 година достави до Владата и Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти во РСМ.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја смета за исклучително значајна практиката на Генералниот секретаријат на Владата за подигање на нивото на транспарентност и објективност на процесот на распределба на средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите и од тие причини Советот изразува незадоволство што во Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, утврден на седницата на Владата одржана на 30.10.2021 година, не се предвидени средства во Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации предвидени се 20.000.000 денари, а Владата донесе Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ“ бр.166/21), со која додели 19.800.000 денари, на 33 здруженија и фондации, за проекти во седум приоритети: Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните; Справување со светската пандемија предизвикана од КОВИД-19; Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени; Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност; Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот; Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

Во Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година планирани се 20.000.000 денари во Раздел 04010-Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците, Потпрограма 11 – Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463-Трансфери до невладини организации, што значи дека овие средства се предвидени за поддршка на проекти на граѓански организации само во една приоритетна област – промоција на меѓуетнички односи.

Вакви сериозни, системски измени на надлежностите и распределбата на средствата наменети за граѓанските организации, без претходна консултација со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскто општество, значат дерогирање на улогата на Советот и девалвирање на неговите досегашните напори за унапредување на системот на финансирање на граѓанските организации.


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshilli për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Во интерес на обезбедување поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество предлага Владата на Република Северна Македонија во Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, да предвиди 30.000.000 денари, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ
ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
Фани Каранфилова Пановска


Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Влада на Република Северна Македонија

Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk